ев. бр. 1385/2024

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 03-10-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 119/1 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања

Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-1200/3

Скопје 01.10.2024

До
Општина Битола
бул. „1-ви Мај" бр. 61
7000 Битола
За Евгенија Чукалева (evgenija.cukaleva.ob@gmail.com и contact@bitola.gov.mk)
Емилија Илиевска (emilija.ilievska.ob@gmail.com)

ПРЕДМЕТ: Препраќање на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Од страна на [redacted] доставено барање за слободен пристап до инфорации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи, Оддел за односи со јавност и стратешки прашања.

По извршените проверки констатирано е дека бараните информации од барањето (прашање број 2) се во Вашиот делокруг на работа и истото Ви го препраќаме на Ваша надлежност и понатамошно постапување согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.в. на РСМ бр. 101/2019).

Прилог: копија од барање за пристап до информации од јавен карактер (3 страни)

**Изработил: Марија Јаковлеска**
**Контролирал: Гоце Андреевски**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Мухамед Исмаиљи**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Барање за пристап до информации од јавен карактер [redacted]
mvrjavnost@moi.gov.mk 30.09.2024 12:47

1 Attachment

Барање до Министерство за внатрешни работи.pdf

Внимание!!! Оваа порака е пристигната надвор од Министерството за внатрешни работи!!!
Пред да отворите документ или кликнете на линк кој е дел од пораката бидете сигурни дека содржината е безбедна и го препознавате испраќачот!

Почитувани,

Во прилог е Барање, замолувам за потврда на прием на имаил.

Со почит,
[redacted]

[redacted]

CHALLENGING DISCRIMINATION, PROMOTING EQUALITY

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Бр./Nr. 16.1.2-12001/1
30.09.2024 год./viti
Скопје - Shkup

[redacted]

[redacted]

ДО:

**Министерство за внатрешни работи**
ул. „ Димче Мирчев„ бр.9, Скопје
Е-пошта: mvrjavnost@moi.gov.mk

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Согласно Одлуката за реонизација на општина Штип, колку првачиња припаѓаат на реонот на ОУ "Гоце Делчев" во учебните 2023/2024 година и 2024/2025?. По можност податоците да бидат поделени по етничка припадност.
2. Согласно Одлуката за реонизација на општина Битола, колку првачиња припаѓаат на реонот на ОУ "Георги Сугарев" во учебните 2023/2024 и 2024/2025 година?. По можност податоците да бидат поделени по етничка припадност.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид

- б) **препис**

- в) фотокопија

- г) електронски запис

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта

- б) телефон

- в) факс

- г) е-маил

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис** [redacted]

**Во Скопје, 30.09.2024 година** ________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-119/2
02.10.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-119/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

02.10.2024г.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено 07-10-2024
11-119/3

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Битола,04.10.2024 год.
Бр.41-226/5

До
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Предмет:Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис Бр.11-119/2 од 02.10.2024 година за пристап до информации од јавен карактер поднесено о[redacted] Ве известувам дека согласно Одлуката за реонизација на Општина Битола и податоците од ОУ„Ѓорѓи Сугарев“ во реонот на основното училиште „Ѓорѓи Сугарев“ во учебната 2023-2024 година запишани се во прво одделение вкупно 71 прваче од кои 65 се Роми а 6 се Македонци, додека пак во учебната 2024-2025 година во прво одделение запишани се вкупно 64 прваче од кои 59 се Роми а 5 се Македонци.

Со почит,

раководител
Снежана Петровска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-119/4
07.10.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **03.10.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-119** од **03.10.2024 година**, каде бара информација за тоа согласно Одлуката за реонизација на општина Битола колку првачиња припаѓаат на реонот на ОУ „Горѓи Сугарев“ во учебните 2023/2024 и 2024/2025 година по етничка припадност.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-119 на ден 03.10.2024 година. Во барањето наведе дека каде бара информација за тоа согласно Одлуката за реонизација на општина Битола колку првачиња припаѓаат на реонот на ОУ „Горѓи Сугарев“ во учебните 2023/2024 и 2024/2025 година по етничка припадност.

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-119/1 од 03.10.2024.
2.Допис до Одделение за Јавни дејности со бр. 11-119/2 од 02.10.2024.
3.Одговор од Одделение за Јавни дејности со бр.11-119/3 од 07.10.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 07.10.2024 година, под бр. 11-119/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

**Евгенија Чукалева**